СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

Групација на спортски обложувалници
Бр. 118-1663/1
25.11.2019 година
Скопје

До
Министерство за финансии на РСМ
Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Мислење по Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам

Почитувани,

Во врска со Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, објавен на страната на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) на 06.11.2019 година, согледувајќи ја примената на постојната законска регулатива од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Групацијата на спортски обложувалници при Стопанската комора на Македонија оцени дека е потребно постојниот текст на Законот да претрпи одредени измени и дополнувања, со цел Законот да биде оперативен и применлив од страна на обложуваниците кои се дефинирани како субјекти согласно истиот.

Во таа насока, по анализа на објавениот нацрт- текст на Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Групацијата на спортски обложувалници ги доставува следните:

**ПРЕДЛОЗИ**

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам **да се дополни со 2 (два) нови члена со кои ќе се интервенира во член 46 и член 53 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и тоа**:

- Во член 46 став 2 по зборот „Македонија„ се додаваат зборовите „во период од дваесет и четири часа".
  *Потребата од интервенција во овој член од Законот се наметнува заради тоа што во постојниот текст на законот нема временски период за кој субјектите се обврзани да прават анализа на учесниците во играта на среќа во обложувалница, а немањето на временска рамка остава простор за различно толкување како од субјектите така и од страна на надзорниот орган.*
- Во член 53 став 8 зборовите „на крајот на денот„ се заменуваат со зборовите „од први до петти во тековниот месец за претходниот месец."
  *Потребата од интервенција во овој член од Законот се наметнува заради обемноста на податоците кои ги прибираат обложувалниците за учесниците во играта на среќа, а споредено со мрежата на објекти со кои располагаат обложувалниците и нивната дисперзираност на територијата на државата. Доколку се прифати овој наш предлог за*

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

*измена на член 53 став 8 ќе се изедначи оваа закоска регулатива со регулативата од Законот за игрите на среќа и забавните игри и законите од областа на даночната политика во кои е предвидено дека приредувачите доставуваат месечни, а не дневни извештаи за нивниото работење.*

Во самиот текст на Предлог–законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се предлага да се изврши **интервенција во член 26, 27 и 28** и тоа:

- Во **член 26** со кој се менува член 160 по став 9 се додава нов став 10 кој гласи:
  „ (10) Во случај кога прекршочната постапка е поведена кон правно лице кое е носител на лиценца за приредување на игри на среќа согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри под приход од став (2), (3), (4), (5) и (9) на овој член се подразбира приходот кој е остварен како разлика помеѓу примените уплати и извршените исплати во претходната година, намалени за посебната давачка согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри."
- Во **член 27** со кој се менува член 161 по став 8 се додава нов став 9 кој гласи:
  „(9) Во случај кога прекршочната постапка е поведена кон правно лице кое е носител на лиценца за приредување на игри на среќа согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри под приход од став (2), (3), (4), и (5) на овој член се подразбира приходот кој е остварен како разлика помеѓу примените уплати и извршените исплати во претходната година, намалени за посебната давачка согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри."
- Во **член 28** со кој се менува член 162 по став 6 се додава нов став 7 кој гласи:
  „ (7) Во случај кога прекршочната постапка е поведена кон правно лице кое е носител на лиценца за приредување на игри на среќа согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри под приход од став (2), (3), (4), и (5) на овој член се подразбира приходот кој е остварен како разлика помеѓу примените уплати и извршените исплати во претходната година, намален за посебната давачка согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри."

Предложените дополнувања во член 26, 27 и 28 на Предлог-законот произлегуваат од причина што оставрениот приход од страна на обложувалниците преставува разлика помеѓу примените уплати и извршените исплати, а намален со посебната давачка која приредувачите ја плаќаат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри. Со внесувањето на овие дополнувања приредувачите на игри на среќа ќе бидат ставени во рамноправна положба со останатите субјекти и нема да има различни толкувања во практичната примена што се подразбира под приход кај приредувачите на игри на среќа во обложувалница. Приредувачите во овој дел се разликуваат од останатите субјекти од причина што и со самиот закон за игри на среќа е дефинирано дека истите своите давачки во висина од 20 % и 3% ги плаќаат како разлика помеѓу примените уплати и реализираните исплати.

Групацијата се надева дека наведените предлози ќе бидат земени предвид при подготовката на конечниот текст на Предлог – законот.

Претседател,
Васко Илијевски с.р.